Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-1993/3

Скопје, 10-09-2024 година

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), министерот за правда Кренар Лога донесе:

# О Д Л У К А
## за избор за постапка објавена со оглас број 12605/2024

1. За најповолен понудувач за набавка на услуги – Поштенски услуги - брза пошта, се избра:

**„Друштво за транспорт и услуги ДХЛ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје"**

2. Се задолжуваат Секторот за општи работи и Секторот за финансиски прашања да ја спроведат оваа Одлука.

3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на план за јавни набавки бр. 05-345/1 од 24.01.2024 година на Министерството за правда, Комисијата за јавни набавки при Министерство за правда спроведе постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги – Поштенски услуги - брза пошта.

Министерство за правда врз основа на спроведената постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги, согласно член 48 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставената 1 (една) понуда од страна на 1 (еден) економски оператор преку ЕСЈН, а согласно член 112 од ЗЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Одлучено во Министерство за правда по спроведена постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги објавена со оглас број 12605/2023.

Правна поука: Согласно член 138 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе ЖАЛБА до Државната Комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува во електронска форма истовремено до Договорниот орган и до Државната Комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на примот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на рамковна спогодба за јавна набавка.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Igor Filkov

Digitally signed by Igor Filkov
Date: 2024.09.10 10:09:33 +02'00'

Подготвил/а: Насер Камили, самостоен референт
Проверил/а: Марина Миновска, Раководител на одделение


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification